ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-151/8**

**Дата: 07.09.2010**

**ДО**

**ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ**
**„КОЧО РАЦИН" - БИТОЛА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом (во понатамошниот текст ДСД) "Кочо Рацин" - Битола - сметка на основен буџет, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека ДСД „Кочо Рацин" - Битола не врши евидентирање на процесот на доработка и добивање на готови производи кои служат за исхрана на студентите, како и продажба на стоки во продавници по продажни цени согласно законските прописи. Утврдена е и несуогласнеост со Законот за јавни набавки во однос на зголемување на предметот на набавката утврден со договор за 69% .

Со цел подобрување на состојбата во ДСД „Кочо Рацин" - Битола ревизијата препорачува да се воведе сметководствена евиденција за процесот на добивање готови производи и продажба на стоки во продавница заради реално прикажување на билансните позиции и доследна примена на утврдените постапки предвидени со Законот за јавни набавки.

## Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на Државниот студентски дом “Кочо Рацин” - Битола - сметка на основен буџет, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Државниот студентски дом “Кочо Рацин” – Битола за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Снежана Пажик, директор од 06.03.2001 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Државниот студентски дом “Кочо Рацин” - Битола се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 31.05.2010 до 15.07.2010 кај Државниот студентски дом “Кочо Рацин” - Битола од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 25.06.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-151/3 од 23.07.2010 година.

## 3.1 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.1.1 Во сметководствената евиденција на Домот не се врши евидентирање на процесот на производство и подготовка на храна како готови производи, односно издавањето на материјалите дадени во обработка и доработка не се евидентираат на соодветните сметки за производство и готови производи за исхрана во мензата. Домот врши и продажба на стоки во продавница набавени од други производители по продажни цени утврдени со ценовник без нивно евидентирање во сметководствената евиденција на соодветните сметки предвидени со член 40 и 41 од Правилникот за содржината на контата во контниот план за буџетските корисници и член 14 и 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба доведува до нереално и необјективно прикажување на соодветните билансни позиции на залихите кои се однесуваат на готови производи во мензата и трговски стоки во продавница.

**Препорака**

Одговорниот сметководител да воведе сметковоствена евиденција на процесот на производство и готови производи како и продажба на стоки во продавница, на соодветните конта од Сметковниот план за буџетите и буџетските корисници.

## 3.2 Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Домот за 2009 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 11 постапки за јавни набавки спроведени во 2009 година, и тоа: 2 отворени постапки и 9 постапки со барања за прибирање на понуди без објавување на оглас. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесуваат 11.107 илјади денари што претставува 81% од вкупната вредност на доделените договори во износ од 13.622 илјади денари.

3.2.1. ДСД спровел отворена постапка за набавка на прехрамбени производи со која е избран најповолен економски оператор за набавка на 17 артикли и се потпишани три договори од ист датум, во вкупна вредност од 2.227 илјади денари. Во текот на годината, со цел задоволување на потребите на студентите согласно новововедениот систем на вредносни бонови за исхрана со која на студентите им се дава можност да добиват храна во кујна и во продавница по видови и количини кои сами ги избираат, извршена е набавка на дополнителни 50 прехрамбени продукти и трговски стоки од избраниот економски оператор, со што набавката ја надминала вредноста на потпишаните договори за вкупен износ од 1.547 илјади денари. Новонабавените продукти не биле предвидени во тендерската документација ниту пак биле известени економските оператори за проширување на листата на дополнителни производи, и покрај тоа што одлуката за промена на системот на исхрана и отпочнување на постапката за јавна набавка се во ист ден. На овој начин другите економски оператори кои учествувале на тендерот се доведени во нерамноправна положба, а набавката е извршена по малопродажни цени кои не даваат уверување дека би биле и најповолни доколку е спроведена постапка согласнот член 64 и 16 од Законот за јавни набавки. Плаќањето на набавените производи е извршено дел од сметката на основен буџет и дел од сметката на буџет од самофинансирачки активности.

**Препорака**

Одговорното лице на Домот при планирање и носење на годишниот план за јавни набавки, целосно да го утврди асортиманот на прехранбените производи и стоки согласно новововедениот систем на вредносни бонови за исхрана кои ќе бидат предмет на јавна набавка, обезбедување конкурентност на економските оператори и постигнување најниска цена согласно Законот за јавни набавки.

3.2.2. За дел од спроведените постапки за јавни набавки по пат на прибирање понуди не се доставени докази за потврдување на способноста за вршење на дејноста од страна на економските оператори што е обврска предвидена во член 102 од Законот за јавни набавки. Поради ова не ја потврдивме вистинитоста и реалноста на дел од добиените понуди и сметаме дека се работи за само формално задоволување на барањата кои ги предвидува Законот, но не и за реално доставени, конкурентни понуди.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препорака**
Стручните служби во ДСД „Кочо Рацин“ да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисијата треба да ги спроведе во поглед на целосно обезбедување на потребната документација од страна на економските оператори, како и навремено и транспарентно спроведување на постапката.

## 4. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 3.1.1. која се однесува на необезбедена евиденција за дадените материјали на обработка и доработка преку производство и готови производи како и евиденција за продажбата на трговските стоки во продавница, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финансиските извештаи.

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 3.1.1. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот студентски дом “Кочо Рацин” - Битола - сметка на основен буџет, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3.1, 3.2.1. и 3.2.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Државниот студентски дом “Кочо Рацин” - Битола - сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 06.09.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 12,412 | 12,737 |
| **Вкупно приходи** | **12,412** | **12,737** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 4,703 | 2,843 |
| Стоки и услуги | 7,629 | 9,822 |
| **Вкупно тековни расходи** | **12,347** | **12,680** |
| **Вкупно расходи** | **12,412** | **12,737** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 1,121 | 0 |
| Залихи | 1,493 | 1,042 |
| **Вкупно тековни средства** | **2,614** | **1,042** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 30,540 | 22,990 |
| Материјални средства | 285,751 | 280,600 |
| **Вкупно постојани средства** | **316,291** | **303,590** |
| **Вкупна актива** | **318,905** | **304,632** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1,121 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,121** | **0** |
| Извори на капитални средства | 317,784 | 304,632 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **317,784** | **304,632** |
| **Вкупна пасива** | **318,905** | **304,632** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **303,590** | **1,042** | **304,632** |
| **Зголемување по основ на:** | **16,475** | **10,580** | **27,055** |
| Набавки | 64 | 10,580 | **10,644** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | 16,411 | | **16,411** |
| **Намалување по основ на:** | **3,774** | **10,129** | **13,903** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 43 | | **43** |
| Амортизација | 3,731 | | **3,731** |
| Издадени материјали | | 10,129 | **10,129** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **316,291** | **1,493** | **317,784** |